Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-74/1
10.03.2022 год.
ВЕЛЕС

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2021 година

Велес, Февруари 2022 година

Врз основа на член 22 став 2, член 30 став 1 алинеја 6, член 32, и член 65 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РСМ, бр.24/2021), Центарот за развој на планскиот регион подготви, а Советот за развој на планскиот регион го усвои следниов:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2021-2026 ЗА 2021 ГОДИНА

Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион го опфаќа периодот јануари-декември 2021 година.

## РЕЗИМЕ

(Резимето содржи кус и синтетизиран приказ на најважните информации и клучните постигања во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион во извештајната година. Тука се дава и општа оценка за оствареноста на зацртаните цели и планови. Обемот на резимето е најмногу една страница.)


Во периодот јануари-декември 2021 година, Центарот за развој на Вардарски плански регион во координација со 9 (девет) единици на локалната самоуправа во состав на регионот (Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Чашка, Градско, Росоман, Лозово и Свети Николе), реализираше активности/проекти согласно утврдените среднорочни цели и приоритети во Програмата за развој на Вардарски плански регион 2021-2026 година и Годишниот Акционен план за 2021 година.

Целосно се реализирани 8 (осум) проекти. Во фаза на реализација се 3 (три) проекти, во фаза на евалуација 5 (пет) проекти и на резервна листа е 1 (еден) проект.

Центарот има реализирано и голем број на активности и задачи за потребите на НВО, мали и средни претпријатија, ПЗО, ЈКП, општини, здравствени и образовни установи и сл.; кои опфаќале обезбедување на стручна и техничка помош при подготовка на проектни апликации за сите активни повици од домашни и странски донатори, имплементација на регионални проекти во сите фази, состаноци и координација со засегнати страни, организација на партиципативни форуми, работилници, обуки, обезбедување на информации, промоција, вмрежување и сл.

Проектите/активностите се аплицирани во разни програми, претежно се имплементирани/ат со средства доделени од страна на други нивоа на власт (Министерството за локална самоуправа – Бирото за регионален развој, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, буџет на општините од Вардарски плански регион) и донации од странство (Швајцарска агенција за развој и соработка – СДЦ, Јапонска амбасада, ЕУ).


Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на планскиот регион се состои од наративен и табеларен дел.

# I. НАРАТИВЕН ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

Наративниот дел на Годишниот извештај задолжително го содржи следново:

## 1. Листа на реализирани проекти и активности

Овој дел содржи листа на реализирани проекти и активности во рамки на секоја поединечна мерка, во согласност со стратегиските цели и приоритетите утврдени во Програмата за развој на планскиот регион.

Притоа, за секој реализиран проект и активност треба да се наведе: целосниот назив, точниот период на реализација, износот на реализирани средства и корисникот.

Горе наведеното се презентира на следниов начин:

**Стратегиска цел 1 – Унапредување на инфраструктурата во регионот**

Приоритет 1.1 – Развој на комунална инфраструктура

Мерка 1.1.1 – Изградба на водоводна мрежа во сите населени места во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.1.2 – Изградба на одводни ситеми во сите населени места во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.1.3 – Изградба на пречистителни станици во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.1.4 – Санирање на диви депонии - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.1.5 – Изградба на регионални депонии - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.1.6 – Изградба на систем за селекција и рециклирање на отпадот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.1.7 – ЈПП за изградба и управување со комунални дејности - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.1.8 – Изработка на проекти за комунална инфраструктура - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.1.9 – Изградба на комунална инфраструктура во подрачја со специфични развојни потреби - **“нема реализирани активности“**

Приоритет 1.2 – Унапредување и модернизација на енергетската инфраструктура

Мерка 1.2.1 – Гасификација на индустрија и домаќинства - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.2.2 – Целосна покриеност на регионот со електро-дистрибутивна мрежа - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.2.3 – Воведување на централни системи за греење во поголеми урбани средини во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.2.4 – Зголемување на застапеноста на обновливи извори на енергија во регионот - **“нема реализирани активности“**

Приоритет 1.3 – Развој на инфраструктура за подобар економски развој

Мерка 1.3.1 – Изградба и развој на индустриски и индустриски зелени зони

- **Реализирани активности во рамки на проект: Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на патна инфраструктура во ИЗ УЗУС, општина Велес;**
  Период на реализација: Декември 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 10.295.375,00;
  Корисник: Општина Велес.

Мерка 1.3.2 – Формирање на агро-индустриска зона (заедно со Пелагониски регион) - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.3.3 – Изградба на научно-технолошки паркови - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.3.4 – Изградба и развој на системи за наводнување - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.3.5 – Привлекување странски инвестиции за рехабилитација или изградба на нови системи за наводнување - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.3.6 – Изработка на проекти за инфраструктурни објекти - **“нема реализирани активности“**

Приоритет 1.4 – Развој и унапредување на инфраструктура за мобилност

Мерка 1.4.1 – Изработка на инфраструктурни проекти за патишта, јавен транспорт

- **Реализиран проект: Развивање на патната мрежа во регионот, преку изработка на јужна и северозападна обиколница во општина Неготино;**
  Период на реализација: Април 2019 – Јули 2021;
  Износ на реализирани средства: 1.482.457,00;
  Корисник: Општина Неготино.

Мерка 1.4.2 – Патна инфраструктура: a. Изградба на регионални патишта, b. Изградба на локални патишта, c. Асфалтирање на патишта во населени места

- **Реализирани активности во рамки на проект: Патна инфраструктура до туристички локалитети: арехолошки локалитет Ѓуземелци Кнежје во општините Лозово и Св Николе (фаза 1), манастир Св. Архангел Михаил во општина Градско и куќата на Коле Неделковски во општина Чашка;**
  Период на реализација: Декември 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 24.190.018,00;
  Корисник: Општина Лозово, Општина Свети Николе, Општина Градско и Општина Чашка.

Мерка 1.4.3 – Развој на јавниот транспорт: a. Зајакнување на градскиот и приградскиот јавен транспорт во општините и регионот, b. Изградба на автобуски постројќи за градски и меѓуградски транспорт - **“нема реализирани активности“**

Мерка 1.4.4 – Пристапни патишта до обработливи површини – тампонирање на патеки и патишта

- **Реализирани активности во рамки на проект: Подобрување на патната инфраструктура во подрачја со земјоделска дејност и обработливи површини во Вардарски плански регион;**
  Период на реализација: Јули 2021 – во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 2.271.500,00;
  Корисник: Општина Градско, Општина Чашка и Општина Неготино.

Приоритет 1.5 – Подобрување на инфраструктура поврзана со туризмот

Мерка 1.5.1 – Изработка на проекти за развојна туристичка инфраструктура - **"нема реализирани активности"**

Мерка 1.5.2 – Обезбедена достапност до туристички и излетнички места, верски објекти

- **Реализирани активности во рамки на проект: Патна инфраструктура до туристички локалитети: арехолошки локалитет Ѓуземелци Кнежје во општините Лозово и Св Николе (фаза 1), манастир Св. Архангел Михаил во општина Градско и куќата на Коле Неделковски во општина Чашка;**
  Период на реализација: Декември 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 24.190.018,00;
  Корисник: Општина Лозово, Општина Свети Николе, Општина Градско и Општина Чашка.

Мерка 1.5.3 – Изградба на адреналински паркови - **"нема реализирани активности"**

Мерка 1.5.4 – Изградба на патеки за велосипеди, пешаци

- **Реализиран проект: Изградба на велосипедска патека од мостот во с. Ваташа до Моклишка Воденица, општина Кавадарци;**
  Период на реализација: Јануари 2020– Јуни 2021;
  Износ на реализирани средства: 16.724.532,00;
  Корисник: Општина Кавадарци.

Мерка 1.5.5 – Маркирање на патеките, поставување на информативни табли, патокази до туристички локации - - **"нема реализирани активности"**

Мерка 1.5.6 – Изработка на апликации за сите туристички и адреналински места во регионот - **"нема реализирани активности"**

Мерка 1.5.7 – Реновирање на туристички атракции, стари градби од интерес за туристите - - **"нема реализирани активности"**

Приоритет 1.6 – Подобрување на инфраструктура во здравство, социјала и образование

Мерка 1.6.1 – Студија за инфраструктурни потреби во здравството, социјала и образование - **"нема реализирани активности"**

Мерка 1.6.2 – Градба и реновирање на објекти од здравство, социјални услуги и образовни услуги во регионот

- **Реализирани активности – обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Набавка на рентген апарат за потребите на општина Велес;**
  Корисник: Општа Болница Велес.

- **Реализирани активности - обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Подобрување на условите за работа за спроведување на квалитетен воспитно образовен процес во ООУ Блаже Конески - Велес;**
  Корисник: ООУ Блаже Конески - Велес.

Мерка 1.6.3 – Изградба на регионален дом за стари лица - **"нема реализирани активности"**

Мерка 1.6.4 – Изградба на детски градинки - **"нема реализирани активности"**

Мерка 1.6.5 – Изградба на објекти за домување за лица во социјален ризик- **"нема реализирани активности"**

<u>Приоритет 1.7 – Подобрена урбанизација на општините</u>

Мерка 1.7.1 – Подготовка и донесување на регионален просторен план

- **Реализирани активности – воспоставен интерес за заедничка соработка на програмската активност: Изработка на Просторен план за Република Северна Македонија (склучен Меморандум за соработка помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот и Центрите за развој на планските региони)**
  Корисник: Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот и Центрите за развој на планските региони.

Мерка 1.7.2 – Изработка на ДУП и ГУП во сите општини во регионот

- **Реализиран проект: Изработка на урбанистички планови и ажурирање на геодетска подлога за 8 села во Општина Свети Николе, с. Горобинци, с. Ерџелија, с. Мустафино, с. Трстеник, с. Амзибегово, с. Кадрифаково, с. Црнилишта и с. Преод, Општина Свети Николе;**
  Период на реализација: Февруари 2016– Ноември 2021;
  Износ на реализирани средства: 6.120.471,00;
  Корисник: Општина Свети Николе.

Мерка 1.7.3 – Изработка на регистар на недвижности и евиденција на имотите - **"нема реализирани активности"**

Мерка 1.7.4 – Изработка на студија на можности за формирање на меѓу-општинско тело за инспекциски надзор - **"нема реализирани активности"**

**Стратегиска цел 2 – Унапредување на економски развој во регионот**

Приоритет 2.1 – Зголемена конкурентност и промоција на еколошки производи во земјоделието

Мерка 2.1.1 – Евидентирање на земјоделско земјиште во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.2 – Поттикнување на окрупнувањето на земјоделски имоти и изработка на план за окрупнување - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.3 – Поттикнување на развојот на земјоделски задруги, кооперативи - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.4 – Поттикнување на развојот на сточарството, овоштарството, рибарство и лозарство

- **Реализирани активности во рамки на проект: Инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство;**
  Период на реализација: Декември 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 10.000.000,00;
  Корисник: Општина Росоман, Општина Кавадарци, Општина Неготино и Општина Демир Капија.

Мерка 2.1.5 – Промоција и поттикнување на еколошко земјоделско производство - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.6 – Промоција и брендирање на автохтони заштитени производи - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.7 – Поддршка на земјоделските стопшанства при аплицирање на проекти за развој на земјоделски дејности - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.8 – Поддршка на земјоделците при продажба на нивните производи - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.9 – Изградба на регионални промотивно-продажни центри за продажба на традиционални и типични производи од регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.10– Поддршка на изградба на магацини, ладилници и други услужни дејности - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.11 – Едукација на земјоделците и усовршување на знаењата за производство, презентација, промоција и продажба на производите - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.1.12 – Оддршување на регионални саеми и настани за промоција за земјоделието и производите - **“нема реализирани активности“**

Приоритет 2.2 – Санирање на последиците од пандемијата, модернизација на преработувачката индустрија и зголемување на бројот на работни места

Мерка 2.2.1 – Основање и поддршка на регионален бизнис центар за поддршка на преработувачката индустрија, инкубатори и акцелератори - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.2.2 – Промоција и поддршка на паметна специјализација за индустриски развој во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.2.3 – Промоција на концептот за циркуларна- кружна економија и поддршка на фирмите за нејзино практично воведување - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.2.4 – Посредување во соработка со фирмите во индустриските зони - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.2.5 – Промоција на регионалните преработувачки капацитети во земјата и меѓународно - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.2.6 – Воведување брзи процедури за обезбедување потребна документација за отварање и водење бизнис во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.2.7 – Зголемено користење на фондовите за поддршка на фирмите

- **Реализирани активности – обезбедена менторска поддршка на МСП (склучени 4 консултантски договори и обезбедена поддршка за подготовка на апликации на 20 компании)**
  Корисник: Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот и Центрите за развој на планските региони.

Мерка 2.2.8 – Развивање нови зелени технологии и методи на производство - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.2.9 – Привлекување на странски и домашни инвестиции - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.2.10– Поддршка за воведување на иновациите во приватниот сектор

- **Реализиран проект: Формирање на ПРЕХРАНБЕНО-ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ;**
  Период на реализација: Април 2020 – Февруари 2021;
  Износ на реализирани средства: 2.159.616,00;
  Корисник: Технолошко - Технички факултет, Велес.

<u>Приоритет 2.3 – Санирање на последиците од пандемијата и развој на туризмот во регионот</u>

Мерка 2.3.1 – Воспоставување на одржлив систем за управување со дестинации - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.2 – Развој на кадар во туризмот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.3 – Изработка на систем за категоризација на сместувачки капацитети - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.4 – Поттикнување и промоција на руралниот и транзитниот туризам - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.5 – Поттикнување на винскиот и гастрономски туризам - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.6 – Промоција на здравствениот, верскиот и културен туризам - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.7 – Вмрежување на туристички микро-дестинации во ситем на заокружена понуда - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.8 – Поттикнување на нудење на локални производи преку туристичките капацитети - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.9 – Обезбедување на систем за редовно чистење и одржување на туристички дестинации и опрема - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.10– Обезбедување на стручна помош за сопствениците на сместувачки капацитети во руралните подрчја - **“нема реализирани активности“**

Мерка 2.3.11 – Изработка на туристички водич за регионот - **“нема реализирани активности“**

- **Реализиран проект: ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ –рекреативни содржини и услуги за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост;**
  Период на реализација: Ноември 2020 – Август 2021;
  Износ на реализирани средства: 4.131.969,00;
  Корисник: Општина Велес.

Мерка 2.3.12– Соработка со спортски клубови со цел развој на туризмот (веслање, лов, риболов, параглајдерство, велосипедизам, мото спорт, алпинизам...) - **“нема реализирани активности“**

- **Реализиран проект: ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ –рекреативни содржини и услуги за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост;**
  Период на реализација: Ноември 2020 – Август 2021;
  Износ на реализирани средства: 4.131.969,00;
  Корисник: Општина Велес

**Стратегиска цел 3 – Заштита на животна средина во регионот**

<u>Приоритет 3.1 – Зголемено искористување на обновливите и чисти извори на енергија и инвестиции во енергетска ефикасност</u>

Мерка 3.1.1 – Зелени јавни набавки - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.1.2 – Обезбедување на услови за развој и инвестирање во ОИЕ - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.1.3 – Создавање услови за производство на биогас и био-гориво во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.1.4 – Субвенции за напуштање на валкани извори на греење

- **Реализиран проект: Подобрување на квалитетот на услугите од областа на културата преку зголемување на енергетската ефикасност на Домот на Културата во општина Свети Николе;**
  Период на реализација: Февруари 2020 – Февруари 2021;
  Износ на реализирани средства: 8.571.524,00;
  Корисник: Општина Свети Николе.

Мерка 3.1.5 – Поставување на фото-волтаични панели на јавни објекти, надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и сл. - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.1.6 – Поддршка на компаниите во изработка на план за енергетска ефикасност - **“нема реализирани активности“**

<u>Приоритет 3.2 – Воведување и поддршка за селекција и рециклирање на отпадот</u>

Мерка 3.2.1 – Изработка на студија за рециклирање на отпад - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.2.2 – Набавка на опрема за селекција на отпад

- **Реализиран проект: Одржување на чиста и здрава животна средина преку набавка на специјализирани возила за потребите на ЈКП во општините Лозово, Демир Капија, Неготино и Росоман;**
  Период на реализација: Февруари 2020 – Март 2021;
  Износ на реализирани средства: 20.213.542,00;
  Корисник: Општина Лозово, Општина Демир Капија, општина Неготино и Општина Росоман.

Мерка 3.2.3 – ЈПП за рециклирање на отпад - **“нема реализирани активности“**

<u>Приоритет 3.3 – Намалување на индустриското загадување преку поддршка на фирмите кои испуштаат штетни материи</u>

Мерка 3.3.1 – Ригорозна контрола на фирмите загадувачи - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.3.2 – Помош на фирмите при изработка на елаборати за намалување на загадувањето - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.3.3 – Помош на фирмите при аплицирање за средства за набавка на опрема за намалување на загадувањето - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.3.4 – Поддршка за инсталирање филтри во мали и средни претпријатија кои испуштаат штетни материи во воздухот - **“нема реализирани активности“**

<u>Приоритет 3.4 – Заштита на луѓето од разни загадувања</u>

Мерка 3.4.1 – Студија за идентификација на изворите на загадувањето - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.4.2 – Обнова на возниот парк на патнички возила во јавниот и приватниот сектор - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.4.3 – Обнова и модернизација на автобусите во јавниот превоз (минимум на метан, класа ЕУРО 6) и понатамошна модернизација на јавниот превоз (електричен и хибриден погон) - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.4.4 – Набавка на мерни станици мерење на загаденоста на атмосферскиот воздух

- **Реализирани активности во рамки на проект: Инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство;**
  Период на реализација: Декември 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 10.000.000,00;
  Корисник: Општина Росоман, Општина Кавадарци, Општина Неготино и Општина Демир Капија.

Мерка 3.4.5 – Набавка на прочистувачи за воздух за градинките, училиштата и здравствените и административните објекти - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.4.6 – Замена на постоечките нееколошки системи за греење во домаќинствата, градинките, основните и средните училишта, здравствените и административните објекти во најзагадените градови, со горилници на плин, АЦ инвертори, ВРФ системи - **“нема реализирани активности“**

<u>Приоритет 3.5 – Заштита на природата и одржливо управување со природни ресурси</u>

Мерка 3.5.1 – Воведување на систем за следење на загрозеност на природата и ресурсите - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.5.2 – Креирање на регионален фонд за зачувување и управување со природата и природните ресурси (финансирана од општините и други извори) - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.5.3 – Соработка и финансирање на невладиниот сектор со цел заштита на природата - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.5.4 – Валоризација на природните ресурси - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.5.5 – Изработка на проекти за заштита на реките, езерата, шумите, изворите

- **Реализиран проект: Заштита на животната средина во Вардарскиот плански регион преку финализирање на речното корито на река Луда Мара, општина Кавадарци;**
  Период на реализација: Февруари 2020 – Мај 2021;
  Износ на реализирани средства: 21.504.600,00;
  Корисник: Општина Кавадарци.

Мерка 3.5.6 – Креирање на систем за следење на заштитни појаси околу земјоделските површини - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.5.7 – Креирање на систем за следење на одржувањето и проодноста на одводните канали - **“нема реализирани активности“**

Мерка 3.5.8 – Обновување на Регионален стационар за згрижување кучиња скитници

- **Реализирани активности во рамки на проект: Згрижување на бездомните животни, кучиња скитници во Вардарски плански регион преку изработка на проектна документација (физибилити студија) за изградба на регионален центар – прифатилиште;**
  Период на реализација: Август 2021 - во тек;
  Корисник: Општини од ВПР.

**Стратегиска цел 4 – Зајакнување на човечките потенцијали**

<u>Приоритет 4.1 – Подобрување на социјалните услуги во регионот</u>

Мерка 4.1.1 – Изработка на регионална студија за потребите домови за стари лица и градинки - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.2 – Грижа за старите лица преку изградба на нови, проширување на постојните домови, или соодветна адаптација и пренамена на други капацитети - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.3 – Отварање на центри за дневно и привремено прифаќање на стари лица - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.4 – Обезбедување на патронажна служба за за помош и нега на стари лица во нивниот дом - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.5 – Поттикнување на развој на специјализирани згрижувачки семејства за стари лица - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.6 – Отварање на мали групни домови за стари лица со ментална или телесна попреченост - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.7 – Обука на лица за давање социјални услуги - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.8 – Отварање центри за згрижување и помош на лицата зависници - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.9 – Зголемување на бројот на дневни центри за ментално здравје - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.10 – Ширење на мрежата на центри за ран детски развој, особено во руралните средини - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.11 – Унапредување на вон-институционалната социјална заштита, услуги во домовите на крајните корисници - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.12 – Отварање на сензорни соби - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.1.13 – Изградба на игралишта за деца со посебни потреби

- **Реализиран проект: ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ –рекреативни содржини и услуги за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост;**
  Период на реализација: Ноември 2020 – Август 2021;
  Износ на реализирани средства: 4.131.969,00;
  Корисник: Општина Велес.

Мерка 4.1.14 – Изработка на регионална програма за: грижа на лица со инвалидитет, грижа за деца и возрасни со посебни потреби, грижа за лица со зависности, грижа за домување на лица со социјален ризик - **"нема реализирани активности"**

Приоритет 4.2– Подобрен квалитетот на наставата во основните и средните училишта

Мерка 4.2.1 – Изработка на Програми за обука на наставен кадар во училиштата - **"нема реализирани активности"**

Мерка 4.2.2 – Формирање на регионален центар за стручно образование со цел да се развива дуалното стручно образование и пост-средното образование (специјализација) - **"нема реализирани активности"**

Мерка 4.2.3 – Обезбедување на потребни помагала за следење на наставата на училиштата и учениците

- **Реализирани активности – воспоставен интерес/аплициран проект: Социјална инклузија, емоционална свест и созревање на најмладите учесници во општеството помогнати од дигитално-компетентни наставници во рамки на Еразмус +програмата;**
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 8.940.207,00;

Мерка 4.2.4 – Капитални инвестиции во основното и средното образование (изградба и санација на училишни објекти, особено на санитарни јазли, спортски сали и др.) - **"нема реализирани активности"**

- **Реализирани активности - обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Подобрување на условите за работа за спроведување на квалитетен воспитно образовен процес во ООУ Блаже Конески - Велес;**
  Корисник: ООУ Блаже Конески - Велес.

Приоритет 4.3– Зачувување на безбедноста на луѓето и нивните имоти

Мерка 4.3.1 – Изработка на регионална програма за справување со природни непогоди, пожари

- **Реализирани активности во рамки на проект: Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди;**
  Период на реализација: Декември 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 24.600.000,00;
  Корисник: Општина Велес, Општина Кавадарци, Општина Неготино и Општина Свети Николе.

Мерка 4.3.2 – Формирање на регионална горска служба за спасување - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.3.3 – Изградба на вертикални противпожарни хидранти во урбани места

- **Реализирани активности во рамки на проект: Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди;**
  Период на реализација: Декември 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 24.600.000,00;
  Корисник: Општина Велес, Општина Кавадарци, Општина Неготино и Општина Свети Николе.

Мерка 4.3.4 – Поставување на надгледани камери по улиците на населените места - **“нема реализирани активности“**

<u>Приоритет 4.4– Подобрување на примарната здравствена заштита</u>

Мерка 4.4.1 – Подобрен пристап на жените до здравствената заштита, пред се амбуланти и гинеколошки ординации во руралните средини - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.4.2 – Подобрен пристап на жените до мамографски прегледи- **“нема реализирани активности“**

<u>Приоритет 4.5– Подобрена соработка со невладиниот сектор</u>

Мерка 4.5.1 – Повици за финансирање на проекти на НВО од општински/регионален буџет - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.5.2 – Заеднички настап на општините и НВО секторот при аплицирањето за грантови - **“нема реализирани активности“**

<u>Приоритет 4.6– Квалификација на работната сила</u>

Мерка 4.6.1 – Изработка на Студија за потребите на работодавачите од работна сила во регионот - **“нема реализирани активности“**

Мерка 4.6.2 – Програми за преквалификација на работната сила - **“нема реализирани активности“**

**Стратегиска цел 5 – Здружување на младите во Регионот**

<u>Приоритет 5.1 – Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот</u>

Мерка 5.1.1 – Подготовка на регионална стратегија за дигитална вклученост - **“нема реализирани активности“**

Мерка 5.1.2 – Подобрување на дигиталното описменување на учениците и на наставниот кадар

- **Реализирани активности – воспоставен интерес/аплициран проект: Социјална инклузија, емоционална свест и созревање на најмладите учесници во општеството помогнати од дигитално-компетентни наставници во рамки на Еразмус +програмата;**
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 8.940.207,00;

Мерка 5.1.3 – Регионална поддршка на претприемништвото и почетните бизниси, со посебен фокус на женското претприемништво преку креирање на инструменти за поддршка, (бизнис центри, инкубатори, гарантен фонд, почетен фонд за основање на фирми, акцелератори)

- **Реализирани активности во рамки на проект: Поддршка на социјалните претпријатија;**
  Период на реализација: Јуни 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 835.040,00;
  Корисник: Центар за развој на ВПР, јавен, приватен и граѓански сектор од ВПР.

- **Реализирани активности – воспоставен интерес за заедничка соработка – организација на настан во рамки на Глобалната недела на Претприемништвото (склучен Меморандум за соработка помеѓу Центарот за развој на Вардарски плански региони и Х Фактор Акцелератор - Велес)**

- **Реализирани активности – воспоставен интерес/аплициран и одобрен ИПА проект: Регионален иновациски хаб, за општините од Вардарски плански регион во рамки на повик на ЕУ за прекугранична соработка со Р. Грција;**
  Период на реализација: во тек;
  орисник: Општина Велес, Општина Битола

Мерка 5.1.4 – Промоција на идејата за претприемништво

- **Реализирани активности во рамки на проект: Поддршка на социјалните претпријатија;**
  Период на реализација: Јуни 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 835.040,00;
  Корисник: Центар за развој на ВПР, јавен, приватен и граѓански сектор од ВПР.

- **Реализирани активности – воспоставен интерес за заедничка соработка – организација на настан во рамки на Глобалната недела на Претприемништвото (склучен Меморандум за соработка помеѓу Центарот за развој на Вардарски плански региони и Х Фактор Акцелератор - Велес)**

Мерка 5.1.5 – Промовирање на жените претприемачи

- **Реализирани активности во рамки на проект: Поддршка на социјалните претпријатија;**
  Период на реализација: Јуни 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 835.040,00;
  Корисник: Центар за развој на ВПР, јавен, приватен и граѓански сектор од ВПР.

Мерка 5.1.6 – Воспоставување на информатички систем преку кој на лицата кои сакаат да започнат бизнис ќе им се обезбедат сите неопходни информации да ја реализираат нивната идеја - **“нема реализирани активности“**

Мерка 5.1.7 – Промоција и поддршка на развојот на социјалното претприемништво

- **Реализирани активности во рамки на проект: Поддршка на социјалните претпријатија;**
  Период на реализација: Јуни 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 835.040,00;
  Корисник: Центар за развој на ВПР, јавен, приватен и граѓански сектор од ВПР.

- **Реализирани активности – воспоставен интерес за заедничка соработка – организација на настан во рамки на Глобалната недела на Претприемништвото (склучен Меморандум за соработка помеѓу Центарот за развој на Вардарски плански региони и Х Фактор Акцелератор - Велес)**

- **Реализирани активности – воспоставен интерес за заедничка соработка во рамки на проект: Поддршка на Социјалните Претпријатија преку следење на принципот – Не оставај никој зад себе**

Мерка 5.1.8 – Формирање центар за поддршка на социјални претпријатија на ниво на плански регион

- **Реализирани активности во рамки на проект: Поддршка на социјалните претпријатија;**
  Период на реализација: Јуни 2021 - во тек;
  Вкупен буџет за реализација на проектот: 835.040,00;
  Корисник: Центар за развој на ВПР, јавен, приватен и граѓански сектор од ВПР.

На крајот на овој дел се наведува вкупната бројка на реализирани проекти/активности во рамките на секоја стратегиска цел, како и збирната бројка на реализирани проекти/активности по основ на сите стратегиски цели заедно.

Покрај тоа, одделно се наведува и вкупниот број на подготвени проектни апликации од страна на Центарот за развој за извештајната година, како и податокот за бројот на прифатени апликации од вкупно подготвените од Центарот за развој.

## 2. Обезбедување транспарентност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на транспарентноста во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Во однос на официјалниот портал на Центарот за развој треба да се наведе општа оценка за неговата функционалност и за достапноста на целосната релевантна документација врзана за работата на Центарот за развој, Советот за развој и за реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион. Исто така, овој дел треба да ги содржи следниве податоци: колку вкупно нови содржини се поставени на страницата во текот на извештајната година; колку содржини се ажурирани; колкав е бројот на посети на страницата; кои и какви се најчестите барања и коментари на посетителите.

Во овој дел се дава и кус наративен осврт на медиумското покривање на активностите за реализација на Програмата за регионален развој за извештајната година.

Притоа, покрај осврtот за активностите и присуството на традиционалните медиуми - локални, регионални и национални радио, ТВ и печатени медиуми, се дава посебен осврт и за покривањето на активностите за реализација на Програмата на социјалните мрежи. Во таа насока, се цени активното присуство и влијание на социјалните мрежи преку користењето на сопствени Facebook, Instagram и Twitter профили на Центарот, како и на сопствен Youtube канал на Центарот.

ЦРВПР врши континуирана промоција на регионот преку официјалната веб страна (https://vardarregion.gov.mk/) и Facebook профилите на ЦРВПР, Бизнис Центарот и Регионален Центар за поддршка на социјални претпријатија, како и преку ТВ и радио медиуми од регионот. Принципот на транспарентност и одговорност е запазен од страна на ЦРВПР, односно информациите, настаните, активностите се јавно достапни и редовно споделени со јавноста.
Официјалната веб страна на ЦРВПР (https://vardarregion.gov.mk/) е со сите потребни функционалности и технички карактеристики за транспарентност, одговорност, отчетност.

На веб порталот на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион (www.vardarregion.gov.mk/) во 2021 година се поставени вкупно 34 објави, со посетеност од 14,400 посети на годишно ниво. Покрај објавите на страната е прикачена следнава листа на податоци согласно Закон за слободен пристап на информации од јавен карактер:

- Одлуки за основање на Центар за развој на Вардарски плански регион (донесени од страна на Советите на 9-те општини од Вардарски плански регион);
- Деловник за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион;
- Одлуки, Решенија, Заклучоци, Иницијативи, Препораки, Записници (усвоени на седниците на Советот за развој на Вардарски плански регион);
- Правилник за систематизација на работните места во Центар за развој на Вардарски плански регион;
- Правилник за внатрешна организација на Центар за развој на Вардарски плански регион;
- Органограм за внатрешна организација на Центарот за развој на Вардарски плански регион;
- Информации за јавни набавки;
- Програма за развој на Вардарски плански регион;
- Акционен план за имплементација на Програмата за развој на Вардарски плански регион;
- Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на Вардарски плански регион;
- Годишен извештај за работа на Центарот за развој на Вардарски плански регион и Годишен финансиски извештај;
- Годишна завршна сметка на Центар за развој на Вардарски плански регион;
- Бази на податоци за сите аплицирани, одобрени и реализирани проекти;
- Каталози, брошури, студии, стратегии и анализи изработени преку Центарот за развој на Вардарски плански регион;
- Регионална програма за инклузивен туризам;
- Водич за инвеститори во Вардарски плански регион;
- Збирка на индустриски и на туристички зони во Вардарски плански регион;

- Регионална програма со предлог-акциски план и комуникациски план за развој и поддршка на приватен сектор во координација со другите ентитети во Вардарски плански регион;
- База на податоци за услужни дејности во Вардарски плански регион;
- База на податоци на бизнис сектор во Вардарски плански регион;
- База на податоци за НВО од Вардарски плански регион;
- База на податоци за јавни институции во Вардарски плански регион;
- Годишен антикорупциски план;
- Кодекс за употреба на социјални медиуми од страна на вработените и ангажираните лица во ЦРВПР.

Ажурирањето на официјалниот портал се извршува редовно и на истиот нема застарени информации. Информациите за Јавни набавки се превземаат автоматски од Електронски систем за јавни набавки - ЕСЈН кој ги содржат следниве информации:
- Планирани набавки,
- Огласи,
- Склучени договори,
- Реализирани договори.

Покрај тоа во функција се и нашите Facebook страни:
- Центар за развон на Вардарски плански регион, 60 објави во 2021 година,
- Бизнис центар во Вардарски плански регион, 51 објава во 2021 година
- Регионален центар за поддршка на социјалните претпријатија во ВПР, 29 објави во 2021 година.

На овие три страни со кој администрира и едитира Центарот се вкупно 140 постови поврзани со тековното работење, активности на центарот, регионални форуми, промоција на проекти и др. Покрај тоа бевме присутни и на националниот радио дифузен сервис преку емисии во кој стана збор за степенот на реализација на тековните проекти, како и промоција на истите.
Каналот кој го има Центарот за развој на Вардарски плански регион на Youtube се користи за видеа кои се постирани на www.vardarregion.gov.mk .

Презентираното треба и прецизно да се квантифицира, на начин како што е прикажано во Табеларниот дел на Годишниот извештај во Табеларниот приказ D.

## 3. Обезбедување партиципативност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат податоците за остварените резултати во делот на партиципативноста, како едно од законски дефинираните начела на политиката на рамномерен регионален развој.

Потребно е да се даде посебен осврт на подготовката, одржувањето и резултатите од работата на регионалните форуми на заедницата. Притоа, треба да се наведе бројот на одржани регионални форуми, вкупниот број на учесници во регионалните форуми, просечниот број на учесници по одржан регионален форум, како и податоците за структурата на учесниците.

Исто така, потребно е да се наведе и процентниот удел на проекти кои се избрани на форуми од вкупниот број на реализирани проекти од страна на Центарот за развој на планскиот регион.

Покрај тоа, за делот на проектите и активностите каде не се реализирани регионални форуми на заедницата треба да се наведе: дали, какви и во колку случаи се применети некои други алатки или механизми на партиципативност.

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион во 2021 година реализираше **два форумски процеси**, во кои што активно беа вклучени граѓаните од јавен, приватен и невладин сектор во процесот на избор на проекти за Вардарскиот плански регион. Имено првиот беше реализиран преку грантовата шема во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој" за избор на инвестициски проект за 2020 година и вториот форимски процес за избор на проекти во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година.

Организирање на **регионални форуми во процесот на идентификација на проектни идеи за грантова шема за инвестициски проекти во областа на социјална инклузија, а во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој"**.

Подготовката на регионалните форуми се состои од:
Избор на модератори. Модераторот беше избран од страна на ЦРВПР од листата на сертифицирани форумски модератори во ЗЕЛС истот така беше избран и комодератор од редот на вработените во ЦРВПР.
Формирање на оперативната група како оперативно тело на процесот.
Подготвителен состанок помеѓу ЦРВПР и модераторите за детално запознавање со процесот и за антиципирање на можните пречки и соодветни решенија.

Одржувањето на форумскиот процес по форумскси сесии:
На **првата форумска сесија** модераторот ги објасни начинот на структурирање на форумот и целите на форумскиот процес, исто така се групираа учесниците по работни маси. Се идентификуваа и утврдија 10 проблеми во Вардарскиот регион во областа на социјалната инклузија. Беа формирани 5 работни групи за подготовка на предлог-концепти кои ќе дадат решенија на идентификуваните проблеми.
Првата форумска сесија заврши со пополнување на евалуациони листови од страна на присутните учесници и договор за одржување на следната втора форумска сесија.
Резултати од евалуација на првата форумската сесија:

- Присутни граѓани: Вкупно: 68 Мажи: 28 Жени: 40
- Од вкупниот број на учесници, 33,4% се мажи, а 66,6% се жени;
- 100% од учесниците ја сметаат првата форумска сесија за корисна;
- 99% од учесниците сметаат дека првата форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања, додека пак 1% го сметаат спротивното;
- Просечната оценка со која е оценета првата форумска сесија од 1 до 5 (каде 5 е најдобра оценка) од аспект на квалитет организација и спроведување) е 4,4.

На **втората форумска сесија** модераторот заедно со присутните учесници ги утврдуваат начелата за работа, фазите на спроведување на регионалниот форум и за крај ги презентира критериумите за избор на проекти.

По работни групи беа презентирани петте концепти како резултат на решенија кои произлегоа на првата сесија. И по секоја презентација имаше дискусија за концептот и прифаќање на истиот од страна на учесниците на форумот.
Концепт 1: „Адаптација и опремување на центар за лица со попреченост"

Концепт 2: „Уредување на дворно место од Ј.С.У.З. Демир Капија со поставување на стандардна опрема со лица за попреченост"
Концепт 3: „Адаптација и опремување на објект за обука на даватели на услуга од областа на туризмот"
Концепт 4: „Опремување на центар за социјална инклузија"
Концепт 5: „Изградба и опремување на простор за социјализирање на маргинализирани групи на отворено"
Во рамки на овој форумски процес ќе биде финансира еден проект од предложените предлог концепти.
Втората форумска сесија заврши со пополнување на евалуациони листови од страна на присутните учесници и договор за одржување на следната трета форумска сесија.
Резултати од евалуација на втората форумската сесија:

- Присутни граѓани: Вкупно: 31 Мажи: 10 Жени: 21
- Од вкупниот број на учесници, 32,2% се мажи, а 67,8% се жени;
- 100% од учесниците ја сметаат првата форумска сесија за корисна;
- 95% од учесниците сметаат дека првата форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања, додека пак 5% го сметаат спротивното;
- Просечната оценка со која е оценета првата форумска сесија од 1 до 5 (каде 5 е најдобра оценка) од аспект на квалитет организација и спроведување) е 4.

На **третата форумска сесија** која се одржа преку електронското средство емајл учесниците ги гласаа и рангираа предлог проектите според нивната важност и приоритетите за нивна реализација за подобрување на животот во пошироката заедница и регионот.
Така рангираните предлог проекти беа утврдени во листа која беше испратена до Коисијата за евалуација, и истата го изврши изборот на проектот „ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ – рекреативни содржини и услуги за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост" финансиран од страна на Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка, во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој".
Имплементација на проектот: „ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ – рекреативни содржини и услуги за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост"

На **четвртата форумска сесија** се одржа промоција на имплементираниот проект. Исто така беше споделена информација за проектите кои беа произлезени од форумот, но не беа финансирани со средства на форумот како и за реализација на препораките дадени од форумот.

Организирање на **регионални форуми во процесот на идентификација на проектни идеи во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година**.

Подготовката на регионалните форуми се состои од:

Избор на модератори. Модераторот беше избран од страна на ЦРВПР од листата на сертифицирани форумски модератори во ЗЕЛС истот така беше избран и комодератор од редот на вработените во ЦРВПР.
Формирање на оперативната група како оперативно тело на процесот.
Подготвителен состанок помеѓу ЦРВПР и модераторите за детално запознавање со процесот и за антиципирање на можните пречки и соодветни решенија.
Избор на надворешен експерт. Надворешниот експерт е стручно лице за подготовка на концепт решенија и предлог проекти во идентификуваната област. ЦРВПР определи надворешен експерт, врз основа на претходно подготвени „Услови за работа" (Terms of reference).

Одржувањето на форумскиот процес по форумскси сесии:
**Првата форумска сесија** беше спроведена електронски на истата модераторот го презентираше форимскиот процес, идентификацција и дефинирање на приоритетни регионални проблеми поврзани со избраните области и подобласти, со кои се соочува Вардарскиот планскиот регион, групирање на проблемите од приоритетните области и подобласти и обезбедување на листа со препораки.
Процесот на приоретизирање на областите и подобластите беше спроведен преку анкетен електронски прашачник.
Граѓани кои одговориле на прашалникот :
Учесници на Првата форумска сесија се од 9 општини од Вардарскиот планки регион и тоа: Лозово, Велес, Неготино, Кавадарци, Градско, Свети Николе, Демир Капија, Чашка и Росоман од кои: 38 женски и 33 мажи.
Прашалникот беше доставен на вкупно 82 граѓани на e-mail. При доставувањето на прашалникот се водеше грижа да бидат почитувани правилата за реализација на форумот пред се вкупниот број на учесници по општина, од сите чинители, каде што не смееше да надминува од 8-10 претставници. Потоа се внимаваше да се почитуваат и правилата:

- Жените се претставени со најмалку 40% на работните маси;
- Најмалку 20% од присутните се млади;

Учесници на регионалните форуми (помеѓу 50 и 70 зависно од големината на регионот) ќе бидат:

- Членови на Советите на Центрите за развој на планските региони;
- Претседателите на Советите и советници од ЕЛС во планскиот регион;
- Бизнис заедницата во регионот, претставена преку стопанските комори;
- Здруженијата на граѓани;
- Претставници на урбани/месни заедници по општина;
- Заинтересирани граѓани;
- Најмногу 2 претставници од секоја од Единиците на локалната самоуправа од регионот.

На прашалникот одговорија 71 лице или 86.5%. Ова се следните карактеристиките на учесниците во истражувањето: 53,5 жени и 46,5 мажи.
Според возраста 25,4% - беа на возраст од 18-30 години, 71,8% беа на возраст од 30-60 години 2,28% како и на возраст над 60 години.
Според етничка припадност најмногу лица се од македонска националност 97,2%, а 1.4 србин и 1,4 ненанционален.
Според занимањето имаме различни учесници и тоа најмногу вработени во јавни институции – 66,2%, потоа ангажирани во граѓански сектор 11,3%, 7% во бизнис сектор, 5,6% невработени, 4,2% - ученици/студенти, 2,8% пензионери, 1,4% вработени во приватен сектор и 1.4% вработени во земјоделство и сточарство.

Само 4,2% од анкетираните мислеа дека припаѓаат на социјално исклучена група.

Согласно правилата за реализација на регионалните форум се избраа следните две области и подобласти за секоја од нив:

I. Зајакнати потенцијали за регионален развој преку вложување во инфраструктура.
1. Инвестиции во патен сообраќај, регионален и локален
2. Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот

II. Економски развој на регионот
1. Земјоделство, (полјоделство и сточарство)
2. Преработувачката индустрија

**Втората форумска сесија** беше спроведена електронски на истата модераторот ги презентираше целите на сесијата и даде осврт на претходната сесија. Преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии. Беа презентирани предлог концептите подготвени од страна на надворешниот консултант – експертот. И за крај беше презентиран начинот на електронското рангирање и соопштување на резултатите.
Врз основа на подготвен прашалник концепиран во 3 дела. Првиот дел за анкетираните во прашалникот, вториот за коментари и сугестии за предложените концепти и третиот дел за рангирање на понудените концепти. Надворешниот експерт после реализираната средба со Советот за развој на Вардарскиот плански регион, подготви резиме за трите предложени концепти. Беше испратен е-маил со линк од анкетниот прашалник , објаснување на форумскиот процес во рамки на втората сесија и трите предложени концепти до 71 лице, колку што беа присутни и на првата форумска сесија. Од особено значење и голема важност имаше нивното вклучување во процесот на рангирање на трите предлог концепти
Имено на 71 граѓанин на e-mail им беше доставен прашалникот. При доставувањето на прашалникот се водеше грижа да бидат почитувани правилата за реализација на форумот пред се вкупниот број на учесници по општина, од сите чинители, не смее да надминува од 8-10 претставници. Потоа се внимаваше да се почитуваат и правилата како:

- Жените се претставени со најмалку 40% на работните маси;
- Најмалку 20% од присутните се млади;

Учесници на регионалните форуми (помеѓу 50 и 70 зависно од големината на регионот) ќе бидат:

- Членови на Советите на Центрите за развој на планските региони;
- Претседателите на Советите и советници од ЕЛС во планскиот регион;
- Бизнис заедницата во регионот, претставена преку стопанските комори;
- Здруженијата на граѓани;
- Претставници на урбани/месни заедници по општина;
- Заинтересирани граѓани;
- Најмногу 2 претставници од секоја од Единиците на локалната самоуправа од регионот.

На анкетниот прашалник одговорија 58 лица или 81.6%. Ова се следните карактеристиките на учесниците во истражувањето: 58,6 жени и 41,4 мажи.
Според возраста 19% - беа на возраст од 18-30 години, 77,6% беа на возраст од 30-60 години 3,6% , како и на возраст над 60 години.
Според етничка припадност сите анкетирани беа од македонска националност.

Според занимањето имаше различни учесници и тоа најмногу вработени во јавни институции – 70,7%, потоа ангажирани во граѓански сектор 10,3%, 6,9% во бизнис сектор, и другите се невработени, ученици/студенти, пензионери и др.
Само 5,2% од анкетираните мислеа дека припаѓаат на социјално исклучена група.

По спроведеното рангирање на трите предлог концепти ова се следните резултати:

| Бр | Име на концепт | Гласови | Рангирање |
|---|---|---|---|
| 1 | "Регионален Затворен градски пазар со деловен центар" | 103 | 3 |
| 2 | "Поставување мерни станици за смарт земјоделство" | 119 | 2 |
| 3 | "Воспоставување на патна структура до: Манастир Св Архангел Михаил, с. Долно Чичево , Куќата на Коле Неделковски, с. Војница и Археолошкиот локалитет Била Зора, с. Кнежје | 126 | 1 |

Имплементација на проекти за кои е извршено оценување од страна на Комисијата за оцена на предлог проекти на Бирото за регионален развој е следното:

1. Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на патна инфраструктура во ИЗ УЗУС, општина Велес.
2. Патна инфраструктура до туристички локалитети: арехолошки локалитет Ѓуземелци Кнежје во општините Лозово и Св Николе (фаза 1), манастир Св. Архангел Михаил во општина Градско и куќата на Коле Неделковски во општина Чашка.
3. Инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство.
4. Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди.

## 4. Обезбедување социјална инклузивност во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентираат општата оценка и збирните податоците за придонесот и остварените резултати во делот на социјалната инклузија во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

Во рамки на сите реализирани (и во фаза на реализација) проекти е обезбедена 100% инклузија на сите маргинализирани категории на луѓе, вклучувајќи ги и долгорочно невработени лица, лицата со телесен или ментален хендикеп, лица корисници на социјална заштита, итн. Проектните резултати од имплементираните активности овозможуваат нивна поголема застапеност на пазарот на трудот, како и поголемо економско зајакнување и независност. Проектните активности придонесуваат кон

| |
|---|
| креирање на што поголеми можности за отворање на нови стабилни работни места, како и подобрување на квалитетот на услугите и производите кои што ги нудат. Истовремено, проектите придонесуваат кон подигнување на јавната свест за вклучување на овие категории на луѓе во сите сфери во општествениот живот. |

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на социјална инклузија при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. број | проект / активност | компонента на социјална инклузивност | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на патна инфраструктура во ИЗ УЗУС, општина Велес | Патната инфраструктура во индустриската зона ќе биде изградена според сите стандарди за овозможување и олеснување на движење на лицата со посебни потреби. Ново изградената патна инфраструктура ќе овозможи привлекување на домашни и странски инвеститори, како и проширување на веќе постоечките бизниси, кои ќе овозможат вклучување на лицата со различни ограничувања да се приклучат во производствениот процес и рамномерно да придонесуваат во економскиот развој на општината. Сето тоа ќе биде осмислено на начин на кој ќе се почитува интегритетот и слободата на лицата. | Пристапност до пазарот на труд |
| 2. | Развивање на патната мрежа во регионот, преку изработка на јужна и северозападна обиколница во општина Неготино | Обиколницата ќе биде изградена според сите стандарди за овозможување и олеснување на движење на лицата со посебни потреби. Ново изградената патна инфраструктура ќе овозможи подобар пристап и ќе придонесе кон потполна инклузија на лицата со попреченост во сите сфери на општеството. | Пристапност до пазарот на труд |
| 3. | Патна инфраструктура до туристички локалитети: археолошки локалитет Ѓуземелци Кнежје во општините Лозово и Св Николе (фаза 1), манастир Св. Архангел Михаил во општина Градско и куќата на Коле Неделковски во општина Чашка | Патната инфраструктура ќе биде изградена според сите стандарди за овозможување и олеснување на движење на лицата со посебни потреби како: посебни паркиралишта за инвалидизирани лица, рампи за движење на лица кои користат колички, патни знаци и сигнализација за лица со оштетувања на вид и слух итн. Инфраструктурата ќе овозможи вклучување на лицата со различни ограничувања да можат да ги посетат овие локалитети и да го разубават секојдневието. И сето тоа ќе биде | Број на активности за интеграција во заедницата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | осмислено на начин на кој ќе се почитува интегритетот и слободата на лицата. | |
| 4. | Подобрување на патната инфраструктура во подрачја со земјоделска дејност и обработливи површини во Вардарски плански регион | Проектот овозможува подобрување на условите за живот и подигање на животниот стандард на сите маргинализирани групи на граѓани. | Пристапност до пазарот на труд |
| 5. | Изградба на велосипедска патека од мостот во с. Ваташа до Моклишка Воденица, општина Кавадарци | Проектот овозможува безбедно движење на велосипедистите. Граѓаните и гостите со оваа патека добиваат ново место за рекреација на современ и модерен начин и можност да го користат своето време активно практикувајќи здрави навики за возење велосипед. | Број на активности за интеграција во заедницата |
| 6. | Обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Набавка на рентген апарат за потребите на општина Велес | Крајни корисници на набавениот ренген апарат ќе бидат сите категории на граѓани, независно дали се стари лица, деца или пак лица со попречености со што се докажува социјалната инклузивност. | Број на подобрени здравствени услуги за сите маргилизирани групи на граѓани |
| 7. | Обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Проект за реконструкција на покривот на Основното училиште „Блаже Конески“ - Велес | Сите деца се различни, но сите имаат еднакво право на образование, без оглед на нивното потекло или на нивните способности. Придобивки од проектот ќе уживаат сите ученици. Со реконструирање на стариот кров кој е оштетен од влијание на температура, сончева светлина и врнежи, подеднакво ќе се овозможи непречено одвивање на наставата. Ќе се зголеми безбедноста и ќе се намали стравот и вознемиреноста особено кај учениците со потешкотии во учењето. | Број на одобрени образовни услуги |
| 8. | Воспоставен интерес за заедничка соработка на програмската | Просторниот план, претставува национална стратегија за просторен развој и дава насоки за организација, користење, заштита, уредување и управување со просторот на државата. Процесот на изработка на | Подобрен социо-економски развој |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | активност: Изработка на Просторен план за Република Северна Македонија (склучен Меморандум за соработка помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот и Центрите за развој на планските региони) | Просторниот план ќе биде инклузивен и ќе ги вклучи сите засегнати страни и релевантни институции во државата, како и невладиниот сектор, а ќе биде усогласен и со регионалното просторно планирање преку консултации со соседните земји и усогласување на пограничните и прекуграничните активности. Просторниот план ќе овозможи долгорочен и одржлив социо-економски развој, превенција и контрола на неговото штетно влијание врз животната средина и ќе воспостави баланс меѓу расположивиот простор, економскиот и демографскиот развој, природните и културните ресурси. | |
| **9.** | Изработка на урбанистички планови и ажурирање на геодетска подлога за 8 села во Општина Свети Николе, с. Горобинци, с. Ерџелија, с. Мустафино, с. Трстеник, с. Амзибегово, с. Кадрифаково, с. Црнилишта и с. Преод, Општина Свети Николе | Процесот на изработка на урбанистичките планови е инклузивен и ги вклучува сите засегнати страни и релевантни институции. | Подобрен социо-економски развој |
| **10.** | Инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство | Технолошкото решение кое се нуди со овој проект овозможува користење на истото од сите групи граѓани, посебно инвалидите, и лицата кои физички се ограничени да можат да го супервизираат земјоделското производство. Бидејќи податоците ќе се даваат на сите граѓани бесплатно односно ќе бидат јавно достапни, овозможуваат рамноправност и во користењето но и примената на сите информации добиени од мерните страници и презентриани на лесно разбирлив начин за сите корисници.За да може да го користат лица со специфични оганичувања се разгледуваат и други можности за презентација на податоците освен визулено да биде и аудитивно. Проектот заради примена на | Број на подобрени услуги и олеснат пристап на пазарот на труд |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | софистицирана технологија ги надминува сите ограничувања и пречки за инволвирање на сите групи граѓани во процесот на земјоделие но, од аспект на планирање и супервизија. Сепак проектот не може да влијае на директното инволвирање на граѓаните со физички или ментални пречки во самиот процес на производство. | |
| **11.** | Обезбедена менторска поддршка на МСП (склучени 4 консултантски договори и обезбедена поддршка за подготовка на апликации на 20 компании) | Со оваа активност се овозможува заинтересираните мали и средни компании и ПЗО да бидат компетентни и конкурентни и да имаат еднакви можности за аплицирање. Додека пак, изготвените предлог-проекти резултираат со олеснување на пристапот на пазарот на трудот, како и обезбедување на повисоко ниво на социјална заштита и воведување на нови социјални услуги и ги опфаќа сите категории на граѓани – како најбитни крајни корисници. | Пристапност до пазарот на трудот, повисоко ниво на социјална заштита и број на воведени нови социјални услуги |
| **12.** | Формирање на ПРЕХРАНБЕНО-ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ | Со овој проект ќе се придонесе студентите на Технолошко-техничкиот факултет во Велес да имаат еднакви можности за студирање и развој на претприемачки дух како нивните колеги од сличните факултети каде има ваков тип на лабораторија и каде веќе се воспоставени слични Центри за поттикнување на претприемништвото кај младите.<br>Од аспект на бизнис секторот, Прехранбено-технолошкиот центар преку обезбедување на стручна помош, лабораториска и административна инфраструктура ќе овозможи еднакви можности за развој на иновативни продукти, како за поголемите така и за микро претпријатијата со што ќе се подобри конкурентност на пазарот.<br>Со овој пристап се обезбедува пренос на знаења, со што се зголемува и употребната вредност на човековиот труд во регионот, а воедно се овозможува полесна инклузија на лицата на пазарот на труд. | Пристапност до пазарот на труд |
| **13.** | ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ – рекреативни содржини и услуги | Проектот вклучува креирање на содржини и услуги за инклузивен туризам на сите засегнати социјални групи. Околу 5166 лица од регионот воопшто не се вклучени во програми | Број на активности за интеграција во заедницата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост | за туризам и рекреација, ниту им се понудени услуги од областа на туризмот на локално или регионално ниво.<br>Во овој контекст, проектот има голема социјална димензија затоа што претставува прва пилот активност во државата за спроведување на интегриран инклузивен туризам, со активирање на сите локални и регионални институции и обезбедување на конкретни содржини и услуги. Најголема придобивка на проектот во контекст на неговата социјална димензија е социјализацијата и еднаквоста во обезбедувањето на услугите. На овој начин и преку туризмот може да се развие инклузивно општество за сите кое овозможува континуиран развој. Овој модел може да создаде услови за социјална инклузија во регионалната економија во туристичките гранки и да создаде солидна база за иновативни решенија во развојот на квалитетни услуги за сите граѓани на локално и на регионално ниво. Преку регионалната Програма за инклузивен туризам, проекот ќе ги зајакне капацитетите на регионот за обезбедување на услуги за лицата со попречености во областа на туризмот. | |
| **14.** | Подобрување на квалитетот на услугите од областа на културата преку зголемување на енергетската ефикасност на Домот на Културата во општина Свети Николе | Проектот подразбира подобрување на квалитетот на живеење, активно вклучување на сите категории на граѓани во креирање на општествениот и културно-уметничкиот живот, како генерална социјална категорија. | Број на активности за интеграција во заедницата |
| **15.** | Одржување на чиста и здрава животна средина преку набавка на специјализирани возила за потребите на ЈКП во општините Лозово, Демир Капија, Неготино и Росоман | Бенефит од проектот имаат 30.756 жители согласно пописот на населението од 2002 година. Со реализација на проектот се допринесе кон подобрување на животните услови на сите категории на граѓаните во овој дел од регионот, иституционално зајакнување на општините и подобрување на комуналната инфраструктура и комуналните услуги.<br>Проектот овозможува социјална инклузивност бидејќи резултира со: воведување на услуга за подигнување на отпадот од руралните населени места; | Број на услуги и обезбедено повисоко ниво на социјална заштита |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | подобрување на здравјето на населението со правилно управување со отпадот со што се спречува неконтролирана интеракција на отпадот со луѓето, животните, почвата и воздухот; како и зголемување на бројот на работни места и можност за вработување на долгорочно невраб отени лица. | |
| **16.** | Заштита на животната средина во Вардарскиот плански регион преку финализирање на речното корито на река Луда Мара, општина Кавадарци | Со финализирањето на речното корито на река Луда Мара, се намали излевањето на водостојот на реката, а со тоа се овозможи превенција на целото население во овој регион од можни заразни болести и инфекции. На тој начин, се допринесе кон подобрување на животните услови на сите категории на граѓаните во овој дел од регионот и се создаде нова урбана површина за спорт и рекреација, одмор и релаксација. Овој проект овозможува општествена социјална инклузија преку интеграција во заедницата на сите групи на граѓани. | Број на активности за интеграција во заедницата |
| **17.** | Згрижување на бездомните животни, кучиња скитници во Вардарски плански регион преку изработка на проектна документација (физибилити студија) за изградба на регионален центар – прифатилиште | Овој проект овозможува изготвување на проектна документација неопходна за изградба на објекти коишто поддржуваат социјална инклузија и благосостојба на заедницата. | Број на изградени објекти коишто поддржуваат социјална инклузија и благосостојба на заедницата |
| **18.** | Воспоставен интерес/аплициран проект: Социјална инклузија, емоционална свест и созревање на најмладите учесници во општеството помогнати од дигитално-компетентни наставници во рамки на Еразмус +програмата | Проектот во целост обезбедува социјална инклузија, а крајни корисници на истиот се учениците во основните училишта. Целта на овој проект е да се олесни и да се влијае врз специфичните потешкотии во учењето, како: внимание и концентрација, перцепција, памтење, моторика, емоции и социјални односи и когнитивни функции. | Број на активности за развивање на креативност и број на образовни услуги |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **19.** | Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди | Набавката на противпожарни возила ќе допринесе за отворање на нови работни места и можност за вклучување на дополнителен број на лица кои преку соодветна обука ќе можат да се вработат како што се долгорочно невработени лица, лица припадници на заедниците, самохрани родители. | Пристапност до пазарот на труд и број на нови услуги |
| **20.** | Поддршка на социјалните претпријатија | Проектот во целост обезбедува социјална инклузија, а крајни корисници на истиот се потенцијални социјални претпријатија како и НВО кои имаат економска активност, а делуваат во областа на социјалната заштита. Целта на овој проект е да се олесни пристапот до пазарот на трудот на социјално загрозени групи. | Пристапност до пазарот на трудот на социјално загрозени групи |
| **21.** | Воспоставен интерес за заедничка соработка – организација на настан во рамки на Глобалната недела на Претприемништвото (склучен Меморандум за соработка помеѓу Центарот за развој на Вардарски плански регионн и X Фактор Акцелератор - Велес) | На настанот учество земаа НВО од ВПР - потенцијални социјални претпријатија. Истиот беше од отворен карактер и како резултат на тоа беше посетен од разни категории на граѓани, претежно долгорочно невработени лица, ученици од основни и средни училишта од регионот, како и лица со попречености. | Број на активности за интеграција во заедницата |
| **22.** | Воспоставен интерес/аплициран и одобрен ИПА проект: Регионален иновациски хаб, за општините од Вардарски плански регион во рамки на повик на ЕУ за прекугранична соработка со Р. Грција | Проектот овозможува олеснување на пристапот на пазарот на трудот и трансформација од нелегален во легален работен ангажман, што значи дека овозможува екомомска социјална инклузија. Ги опфаќа долгорочно невработените лица, лицата што работат во сивата економија, подобрувајќи ги нивните ИТ вештини, овозможувајќи им вмрежување и конкурентност на пазарот на трудот и поголеми услови за работа. | Број на активности за интеграција во заедницата и олеснување на пристапот на пазарот на труд |
| **23.** | Воспоставен интерес за заедничка соработка во рамки | Проектот во целост обезбедува социјална инклузија, бидејќи целта на овој проект е да се даде поддршка на постоечки социјалните претпријатија | Број на активности за интеграција во заедницата и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на проект: Поддршка на Социјалните Претпријатија преку следење на принципот – Не оставај никој зад себе | или НВО – нови/потенцијални социјални претпријатија. | олеснување на пристапот на пазарот на труд |

## 5. Обезбедување родова еднаквост во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоците за придонесот и за остварените резултати во делот на родовата еднаквост во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион, со посебен осврт на родовото одговорно буџетирање.

Обезбедена е 100% застапеност и на двата пола и во делот на идентификување, планирање и имплементирање на проектите. Сите проекти се насочени и кон мажите и кон жените, подеднакво, како главни крајни корисници. Проектите овозможуваат подеднакво учество и на жените и на мажите во економскиот развој, со што се овозможува нивна подеднаква застапеност на пазарот на трудот и економско зајакнување.

Средствата за реализација на проектите и активностите се наменети за остварување на резултати од кои бенефит имаат и двата пола. На тој начин се обезбедува 100% родова еднаквост во реализацијата на Програмата.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на родова еднаквост при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. број | проект / активност | компонента на родова еднаквост | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на патна инфраструктура во ИЗ УЗУС, општина Велес | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Патната инфраструктура подеднакво ќе можат да ја користат сите граѓани, независно дали се жени или мажи. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| 2. | Развивање на патната мрежа во регионот, преку изработка на јужна и северозападна обиколница во општина Неготино | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Патната мрежа подеднакво ќе можат да ја користат и граѓаните и посетителите, независно дали се жени или мажи. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| 3. | Патна инфраструктура до туристички локалитети: | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | археолошки локалитет Ѓуземелци Кнежје во општините Лозово и Св Николе (фаза 1), манастир Св. Архангел Михаил во општина Градско и куќата на Коле Неделковски во општина Чашка | реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Пристапот до туристичките локалитети ќе биде олеснат за граѓаните и посетителите, независно дали се жени или мажи. | |
| **4.** | Подобрување на патната инфраструктура во подрачја со земјоделска дејност и обработливи површини во Вардарски плански регион | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Подеднаков бенефит од проектот имаат и граѓаните и посетителите, независно дали се жени или пак мажи. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **5.** | Изградба на велосипедска патека од мостот во с. Ваташа до Моклишка Воденица, општина Кавадарци | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Подеднаков бенефит од проектот имаат и граѓаните и посетителите, независно дали се жени или пак мажи. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **6.** | Обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Набавка на рентген апарат за потребите на општина Велес | Целокупниот процес на развој на оваа активност е транспарентен, а можноста за вклучување на лица во реализација/имплементација на активностите се отворени за двата пола без било каква родова дискриминација. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **7.** | Обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Проект за реконструкција на покривот на | Целокупниот процес на развој на оваа активност е транспарентен, а можноста за вклучување на лица во реализација/имплементација на активностите се отворени за двата пола без било каква родова дискриминација. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Основното училиште „Блаже Конески“ - Велес | | |
| **8.** | Воспоставен интерес за заедничка соработка на програмската активност: Изработка на Просторен план за Република Северна Македонија (склучен Меморандум за соработка помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот и Центрите за развој на планските региони) | Целокупниот процес на развој на оваа активност е транспарентен, а можноста за вклучување на лица во реализација/имплементација на активностите се отворени за двата пола без било каква родова дискриминација. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **9.** | Изработка на урбанистички планови и ажурирање на геодетска подлога за 8 села во Општина Свети Николе, с. Горобинци, с. Ерџелија, с. Мустафино, с. Трстеник, с. Амзибегово, с. Кадрифаково, с. Црнилишта и с. Преод, Општина Свети Николе | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Изработените урбанистички планови ќе можат да ги користат и двата пола. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **10.** | Инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Мерните станици за смарт земјоделство подеднакво ќе ги користат и двата пола. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **11.** | Обезбедена менторска поддршка на МСП | Целокупниот процес на развој на оваа активност е транспарентен, а можноста за вклучување на лица во | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (склучени 4 консултантски договори и обезбедена поддршка за подготовка на апликации на 20 компании) | реализација/имплементација на активностите се отворени за двата пола без било каква родова дискриминација. | |
| **12.** | Формирање на ПРЕХРАНБЕНО-ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВНИ ПРОДУКТИ | Целокупниот процес на развој на проектот е транспарентен, а можноста за вклучување на лица во реализација/имплементација на активностите предвидени со акциониот план на овој проект се отворени за двата пола без било каква родова дискриминација. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **13.** | ИНКЛУЗИВЕН СМАРТ ТУРИЗАМ – рекреативни содржини и услуги за еднаков пристап до туристичката атракција Езеро Младост | Уредениот простор и поставената урбана опрема во рамките на проектот е еднакво достапна за лица од обата пола. Општина Велес во рамките на инвестицијата за уредување на плажа предвидува во најкус можен рок да се постават мобилни тоалети соодветни за потребите на обата пола како и за потребите на лица со попреченост. Воедно ќе се постават соблекувални со еднакви можности за пристап за сите посетители. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **14.** | Подобрување на квалитетот на услугите од областа на културата преку зголемување на енергетската ефикасност на Домот на Културата во општина Свети Николе | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Придобивките од инсталирањето на системот за греење и ладење ќе ги уживаат подеднакво сите посетители, независно дали се жени или мажи. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **15.** | Одржување на чиста и здрава животна средина преку набавка на специјализирани возила за потребите на ЈКП во општините Лозово, Демир Капија, Неготино и Росоман | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Набавените специјализирани возила ќе можат да бидат управувани и од двата пола, а исто така позитивните придобивки од проектот ќе ги уживаат и мажите и жените подеднакво. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **16.** | Заштита на животната средина во Вардарскиот плански регион преку финализирање на | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Подеднаков бенефит од проектот | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | речното корито на река Луда Мара, општина Кавадарци | имаат и граѓаните и посетителите, независно дали се жени или пак мажи. | |
| **17.** | Згрижување на бездомните животни, кучиња скитници во Вардарски плански регион преку изработка на проектна документација (физибилити студија) за изградба на регионален центар – прифатилиште | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Изготвената проектна документација ќе можат да ја користат и двата пола. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **18.** | Воспоставен интерес/аплициран проект: Социјална инклузија, емоционална свест и созревање на најмладите учесници во општеството помогнати од дигитално-компетентни наставници во рамки на Еразмус +програмата | Целокупниот процес на развој на оваа активност е транспарентен, а можноста за вклучување на лица во реализација/имплементација на активностите се отворени за двата пола без било каква родова дискриминација. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **19.** | Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални специјализирани возила согласно европските стандарди | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Набавените специјализирани возила ќе можат да бидат управувани од професионалци и од двата пола, а бенефит од проектот ќе имаат сите граѓани, и мажите и жените подеднакво. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **20.** | Поддршка на социјалните претпријатија | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Бенефитот и поддршката ќе биде подеднаква и за двата пола. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **21.** | Воспоставен интерес за заедничка соработка – | Целокупниот процес на развој на оваа активност е транспарентен, а можноста за вклучување на лица во реализација/имплементација на | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | организација на настан во рамки на Глобалната недела на Претприемништвото (склучен Меморандум за соработка помеѓу Центарот за развој на Вардарски плански регион и X Фактор Акцелератор - Велес) | активностите се отворени за двата пола без било каква родова дискриминација. | |
| **22.** | Воспоставен интерес/аплициран и одобрен ИПА проект: „Креирање на иновациски екосистем за поддршка на можностите за вработување на младите таленти од ИТ секторот во прекуграничниот регион" во рамки на повик на ЕУ за прекугранична соработка со Р. Грција | Проектот овозможува вклучување на лица од двата пола (без било каква родова дискриминација) во реализацијата/имплементацијата на предвидените активностите. Бенефитот и поддршката ќе биде подеднаква и за двата пола. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |
| **23.** | Воспоставен интерес за заедничка соработка во рамки на проект: Поддршка на Социјалните Претпријатија преку следење на принципот – Не оставај никој зад себе | Целокупниот процес на развој на оваа активност е транспарентен, а можноста за вклучување на лица во реализација/имплементација на активностите се отворени за двата пола без било каква родова дискриминација. | Број на мажи и жени – уживатели на проектните резултати |

## 6. Придонес кон заштитата на животната средина во реализацијата на Програмата

Во овој дел се презентирааат општата оценка и збирните податоци за придонесот и за остварените резултати во делот на заштитата и унапредувањето на животната средина во реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион.

| |
|---|
| Сите проектни активности се целосно насочени кон зачувување на животната средина, односно реализацијата на проектите немаат никакво негативно влијание врз животната средина. |

Набавените стоки ги исполнуваат барањата на пазарот за висок квалитет и управување со животна средина. Истите се сертифицирани со меѓународно признаени сертификати за потврден квалитет и употреба.

Градежните активности во рамки на проектите се одвиваат согласно техничка документација изготвена во согласност со сите законски прописи за заштита на животната средина.

Проектите се целосно насочени и во согласност со законската рамка за заштита на животната средина, со што се остварува 100% придонес кон заштитата на животната средина во реализацијата на Програмата.

Покрај општата оценка за остварениот напредок во овој домен, потребно е да се даде и кус и прецизен опис како точно е остварена компонентата на заштита и унапредување на животната средина при реализацијата на секој одделен проект каде носител е Центарот за развој на планскиот регион, на следниов начин:

| ред. број | проект / активност | компонента на заштита и унапредување на животната средина | индикатор/и |
|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на патна инфраструктура во ИЗ УЗУС, општина Велес | Следејќи ја законската рамка за заштита на животната средина, сите проектни активности се целосно насочени кон зачувување на животната средина, односно реализацијата на проектот нема никакво негативно влијание врз животната средина. Изградбата на улиците во индустриската зона ќе биде извршена со строго запазување на сите законски одредби кои се однесуваат на заштита на животната средина. | Број на реализирани проекти за заштита на животната средина |
| 2. | Развивање на патната мрежа во регионот, преку изработка на јужна и северозападна обиколница во општина Неготино | Следејќи ја законската рамка за заштита на животната средина, целокупното изготвување на техничката документација со сите нејзини фази за понатамошна изградба на обиколниците (јужна и северозападна) ќе биде во насока на целосно зачувување на животната средина, со строго запазување на сите законски стандарди и прописи за изготвување на ваков тип на проект. Во насока на претходно наведеното ќе говори и изработката на Елаборатот за животна средина утврдена како придружна документација во проектот. | Број на изработен Елаборатот за животна средина |
| 3. | Патна инфраструктура до туристички локалитети: арехолошки локалитет Ѓуземелци Кнежје | Реализацијата на проектните активности нема да предизвика никакви негативни влијанија врз животната средина, напротив ќе има позитивни, одвивањето на сообраќајот по добрата патна инфраструктура ќе ги намали | Број на реализирани проекти за намалување на издувни гасови и заштита на биодиверзитетот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | во општините Лозово и Св Николе (фаза 1), манастир Св. Архангел Михаил во општина Градско и куќата на Коле Неделковски во општина Чашка | сите штетни гасови кои се испуштаат од моторните возила при движење по лошите патишта, како и создавањето на прашина. Градежните активности ќе се одвиваат согласно техничката документација изготвена во согласност со сите законски прописи за заштита на животната средина. | |
| **4.** | Подобрување на патната инфраструктура во подрачја со земјоделска дејност и обработливи површини во Вардарски плански регион | Реализацијата на проектните активности нема да предизвика никакви негативни влијанија врз животната средина, напротив ќе има позитивни, ќе го намали создавањето на прашина која се создава при движење по лоши, земјени патишта. Градежните активности ќе се одвиваат согласно техничката документација изготвена во согласност со сите законски прописи за заштита на животната средина. | Број на реализирани проекти за намалување на издувни гасови и заштита на биодиверзитетот |
| **5.** | Изградба на велосипедска патека од мостот во с. Ваташа до Моклишка Воденица, општина Кавадарци | Сите предвидени проектни активности се целосно насочени и во согласност со законската рамка за заштита на животната средина. Односно, реализацијата на овој проект каде една од целите е овозможување на безбедно користење на велосипеди како превозно и рекреативно средство,ќе овозможи растеретување на сообраќајот, а со тоа и намалување на издувните гасови. Изградбата на патеката ќе биде целосно усогласена со законските нормативи, стандарди и подзакони за заштита и зачувување на флората и фауната во животната средина и нема да предизвика никакви негативни влијанија врз истата. | Број на реализирани проекти за намалување на издувни гасови |
| **6.** | Обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Набавка на рентген апарат за потребите на општина Велес | Реализацијата на проектните активности нема да предизвика никакви негативни влијанија врз животната средина. Набавениот апарат ги исполнува барањата на пазарот за висок квалитет и управување со животна средина и е сертифицирани со меѓународно признаени сертификати за потврден квалитет и употреба во медицински цели. Тоа значи дека истиот ги следи најсовремените светски трендови започнувајќи од процесот на производство, испорака, складирање и дистрибуција сѐ до сервис и услуга до крајните корисници и се во служба на подобрување на глобалното здравје. | Број на реализирани проекти за заштита на животната средина |
| **7.** | Обезбедена техничка поддршка за подготовка на проект за потребите | Реализацијата на проектните активности нема да предизвика никакви негативни влијанија врз животната средина, напротив ќе се користат | Број на реализирани проекти за заштита на животната средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на јавни институции од ВПР (подготовка на апликација, аплицирана во Јапонска амбасада со седиште во Скопје): Проект за реконструкција на покривот на Основното училиште „Блаже Конески“ - Велес | материјали кои имаат позитивно влијание врз здравјето на луѓето и работниците. Градежните активности ќе се одвиваат согласно техничката документација изготвена во согласност со сите законски прописи за заштита на животната средина. | |
| **8.** | Воспоставен интерес за заедничка соработка на програмската активност: Изработка на Просторен план за Република Северна Македонија (склучен Меморандум за соработка помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за планирање на просторот и Центрите за развој на планските региони) | Реализација на овој проект опфаќа учество на настани, а поканите за истите се праќаат преку електронска пошта, на овој начин тие се побрзи и поефикасни, а истовремено се заштедува на хартија и пари. Исто така се употребува е-маил како комуникациски медиум, наместо да се користи регуларна пошта за која треба да се потроши хартија. На овој начин се придонесува кон заштита на животната средина. Проектот ќе резултира со изработка на документација во согласност со законската рамка за заштита на животната средина. | Број на реализирани проекти за заштита на животната средина |
| **9.** | Изработка на урбанистички планови и ажурирање на геодетска подлога за 8 села во Општина Свети Николе, с. Горобинци, с. Ерџелија, с. Мустафино, с. Трстеник, с. Амзибегово, с. Кадрифаково, с. Црнилишта и с. Преод, Општина Свети Николе | Следејќи ја законската рамка за заштита на животната средина, целокупното изготвување на техничката документација ќе биде во насока на целосно зачувување на животната средина, со строго запазување на сите законски стандарди и прописи за изготвување на ваков тип на проект. Проектот нема предвидено употребата на летоци и други промотивни материјали со што се придонесува кон заштита на животната средина. | Број на реализирани проекти за заштита на животната средина |
| **10.** | Инсталирање на мерни станици за смарт земјоделство | Влијанието на проектот врз животната средина е повеќекратен и поволен. Мерните станици кои ќе се инсталираат | Број на реализирани проекти за заштита на животната средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
